**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Славе Дончев**
**именуван за подрачјето на**
**Кочани,Берово,Делчево и Виница**
**ул. Маршал Тито бр.54/2**
**тел. 033 277-007**

**Образец бр.66**

**И.бр.931/23**

Извршителот **Славе Дончев** од **Кочани** врз основа на барањето за спроведување на извршување од **доверителот Љупчо Павловски од Пехчево** со живеалиште на Пехчево, засновано на извршната исправа Малвп бр.38/2020 од 01.04.2021 на Основен суд Берово, против **должникот Сузана Каширска од Пехчево** со живеалиште на ул. Илинденска б.б., за спроведување на извршување во вредност 430.465,00 ден., на ден 26.09.2023 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРВА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА ПРВА продажба** со усно јавно наддавање на недвижноста означена како: Недвижен имот запишан во Имотен Лист. бр. 444 при АКН Берово за КО Пехчево со дел на посед 3/4, со следните ознаки:

Лист Б:

- Број на катастарска парцела 136, викано место/улица МИРЧЕ АЦЕВ, катастарска култура гз гиз, површина 662 м2, сосопственост
- Број на катастарска парцела 136, викано место/улица МИРЧЕ АЦЕВ, катастарска култура гз зпз 1, површина 91 м2, сосопственост
- Број на катастарска парцела 136, викано место/улица МИРЧЕ АЦЕВ, катастарска култура гз зпз 2, површина 29 м2, сосопственост

Лист В:

- Број на катастарска парцела 136, дел 0, ул. М. АЦЕВ бр. 32, број на зграда/друг објект 1, Намена на зграда преземена при конверзија на податоците од стариот ел. систем А1-1, влез 1, кат ПР, број 1, Намена на посебен /заеднички дел од зграда СТ, внатрешна површина 66 м2, сосопственост
- Број на катастарска парцела 136, дел 0, ул. М. АЦЕВ бр. 32, број на зграда/друг објект 1, Намена на зграда преземена при конверзија на податоците од стариот ел. систем А1-1, влез 1, кат СУ, број 1, Намена на посебен /заеднички дел од зграда П, внатрешна површина 33 м2, сосопственост
- Број на катастарска парцела 136, дел 0, ул. М. АЦЕВ бр. 32, број на зграда/друг објект 2, Намена на зграда преземена при конверзија на податоците од стариот ел. систем А1-1, влез 1, кат ПР, број 1, Намена на посебен /заеднички дел од зграда П, внатрешна површина 27 м2, сосопственост

која се наоѓа во сопственост на **должникот Сузана Каширска од Пехчево** со живеалиште на ул. Илинденска б.б. заради наплата на паричното побарување на **доверителот Љупчо Павловски од Пехчево**.

Продажбата ќе се одржи на ден 26.10.2023 година во 12:00 часот во просториите на Извршител Славе Дончев со седиште на ул. Маршал Тито бр. 54/2, Кочани.

**Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот И.бр. 931/23 од 04.08.2023 година, изнесува 993.819,оо денари, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.**

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: Нема.

Данокот на промет и други такси и трошоци кои ќе настанат по основ на купопродажбата и преносот на сопственоста паѓа на товар на купувачот. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 210068434840226 која се води кај НЛБ Банка АД Скопје и даночен број МК5013013503330.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Дневен Весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

ИЗВРШИТЕЛ
Славе Дончев

Д.-на: Должник, Доверител, Архива

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до надлежниот суд согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.